New Ways Of Travel - Skopje
#: +389 2 32 32 234
f: +389 2 32 32 236
tn: 4080013538326
@: info@newwaysoftravel.com.mk
w: www.newwaysoftravel.com.mk

# РАЈСКИОТ АРХИПЕЛАГ МАЛДИВИ

03.05-12.05.2024





***Дестинација која го загрева срцето и ја полни душата со мир и спокој! Препуштете се на едно поинакво патување во тиркизните бои на Малдивите!***

**03.05.2024 | СКОПЈЕ-ИСТАНБУЛ**

Се пријавувате на аеродромот во Скопје 2 часа пред предвидениот лет кон Истанбул во 20:20 часот. Слетувате на аеродромот во Истанбул во 22:55 часот

**04.05.2024 | ИСТАНБУЛ-МАЛЕ**

Транзит време од 3 часа до летот кон Мале е во 02:10 часот. Пристигнувате на Малдиви во 12:20 на пладне. По завршување на царински и пасошки формалности, со организиран трансфер (брз брод или комбинација на лет и брз брод) се упатувате кон избраниот хотел. Пријавување во хотелот според политиките на истиот, на услуга полн пансион (појадок, ручек и вечера). Одмор и релаксација од патувањето. **Ноќевање**.

**05.05-10.05.2024 | МАЛДИВИ**

Слободни денови за уживање на рајскиот архипелаг и неговите неописливо бели песочни плажи и тиркизната вода на Индискиот океан. **Ноќевање**.

**11.05.2024 | МАЛЕ-ИСТАНБУЛ**

Појадок и одјавување од собите според политиката на хотелот (можност за доплата за Late Check out на лице место). Багажот ќе Ви биде оставен во посебна просторија, се' до моментот на организираниот трансфер до аеродромот во Мале. Летот кон Истанбул е во 22:20 часот.

**12.05.2024 | ИСТАНБУЛ-СКОПЈЕ**

Слетувате на аеродромот во Истанбил во 04:40 часот изутрина. Кратко транзит време до летот кон Скопје е во 07:25 часот локално време. Пристигнувате во Скопје во 07:50 часот.

| ХОТЕЛ | ТРАНСФЕР | Тип на соба | ПАКЕТ ЦЕНА ПО ЛИЦЕ |
|---|---|---|---|
| Villa Park Sun Island Hotel 5* | Лет + брз брод | Sun Villa | **1690€** |
| Fihalhohi Island 3* | Брз брод | Villa Garden View | **1690€** |
| Kuredu Island Resort & SPA 4* | Брз брод | Bungalow GV | **1750€** |
| Royal Island Resort & SPA 5* | Лет + брз брод | Beach Villa | **1890€** |
| Villa Nautica Paradise Island 5* | Брз брод | Beach Villa | **1890€** |

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:**

- ✓ Повратен авионски билет на релација Скопје-Истанбул-Мале-Истанбул-Скопје со Turkish Airlines;
- ✓ Аеродромски такси;
- ✓ Чекиран + рачен багаж по лице;
- ✓ Вклучени оброци во текот на летовите;
- ✓ Повратен трансфер на релација аеродром Мале-хотел-аеродром Мале со брз брод или комбинација на домашен лет и брз брод;
- ✓ 7 ноќевања со појадок, ручек и вечера во хотел според избор од понудата;
- ✓ 24/7 подршка во текот на целото патување;
- ✓ Патничко осигурување;
- ✓ Апликација за влез на Малдиви.

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:**

- ⌧ Пијалоци во хотелот;
- ⌧ Туристичка такса која се плаќа директно во хотел (доколку има таква).

**Напомена:**

- Наведениот пакет аранжман е подготвен согласно моментаните цени и класи на авионските билети;
- Резервација на авионски билети и хотелско сместување не се направени, се’ до моментот на официјална потврда од страна на корисникот на услугата;
- Агенцијата го задржува правото на промена на цената на пакет аранжманот, во случај на промена на цената на авионските билети, хотелските капацитети, како и трансфер услугите.

**ДЕТАЛИ ОД ЛЕТОВИТЕ**

| Број на лет | Дата | Дестинација | Сатници |
|---|---|---|---|
| TK1006 | 03MAY | SKPIST | 20:25-22:50 |
| TK 734 | 04MAY | ISTMLE | 02:25 12:20 |
| TK 735 | 11MAY | MLEIST | 22:20-04:40+1 |
| TK1003 | 12MAY | ISTSKP | 07:25-07:50 |

**ОПШТИ ПОДАТОЦИ:**
Малдиви, службено Република Малдиви е островска држава во Индискиот океан, југозападно од Индискиот полуостров. Се состои од околу 1200 острови, групирани во 26 атоли, меѓу кои околу 200 се населени, а 80 се користат исклучиво за туризам. Официјалната религија е Ислам, а јазикот на поголемиот дел од жителите е дивехи, индоевропски јазик сроден на сингалски, главниот јазик на Шри Ланка. Индустријата се темели врз туризам и риболов. Малдивите имаат претрпено значителна штета од цунами во Индискиот океан во декември 2004 година. Нудизам е забранет со закон, вклучувајќи ги и плажите на одмаралиштата. Во повеќето ресторани не е дозволен престој во костими за капење.

**Површина** 298 km2 **Број на жители** околу 338.000
**Државно уредување** Република од 1965 година.
**Главен град** Мале, околу 70.000 жители

**Клима**
Тропската клима на Малдиви подразбира просечна температура меѓу 29 и 32 степени Целзиусови, со повремени тропски врнежи. Од крајот на мај до почетокот на септември е (југозападен) монсунски период кој се карактеризира со повремен дожд и ветар, додека од ноември до април - североисточен монсун кој е топол и сув. Цените на престој се највисоки во сезоната декември-април, посебно во периодот околу божиќните и новогодишни празници, кога на Малдивите времето е суво и топло.
Перодот од мај до ноември е исто така топол, но со поголем степен на влажност во воздухот и поголеми шанси за дожд.

**Валута**
Малдивска руфија (MVR) = 100 лареси. Банкнотите за МВР 500, 100, 50, 20, 10, 5. Кованици за МВР 2, 1 і 50, 25, 10, 5, 2 и 1 лареси. На аеродромот во Мале се примаат само долари, па се препорачува носење на оваа валута. Во хотелите примаат и евра, но по неповолен курс во однос на банките од Европа.
**Јазик**
Дивехи. Англискиот јазик е во широка примена како службен јазик. Во туристичките подрачја се зборуваат и други јазици.

**ВИЗА:**
На државјаните на Р. Македонија кои туристички патуваат на Малдиви, добиваат бесплатна виза за период од 30 дена на самиот аеродром. Потребна е следната документација: важечка патна исправа, повратна авио-карта, доказ за поседување на доволно финансиски средства (100 УСД + 50 УСД за секој ден престој) или потврда за уплатен туристички аранжман. Рок на важење на пасошот поради туристичко патување мора да бида најмалку 6 месеци.

**ВАКЦИНАЦИЈА:**
За патување на Малдивите не е потребна полиса за здравствено осигурување, ниту доказ за вакцинација, освен доколку доаѓате од област зафатена со жолта грозница (поедини области од централна Африка или Јужна Америка).